## Народна банка на Република Северна Македонија
## Дирекција за статистика

Скопје, 21 јуни 2019 година

## Соопштение за печат

# Монетарни движења во Република Северна Македонија: мај 2019 година

- По растот во април, во мај 2019 година, **паричната маса (монетарниот агрегат М3[1,2])**, забележа месечен пад од 0,9%, во најголем дел под влијание на намалените краткорочни депозити и депозитни пари[3]. На годишна основа, паричната маса забележа раст од 9,2%, пред сè поради поголемиот раст на депозитните пари и краткорочните депозити, при помал раст кај готовите пари во оптек и долгорочните депозити до две години.

- Во мај, **вкупните депозити[4]** се намалија на месечна основа за 0,5%. Притоа, намалувањето се должи на падот на депозитите кај двата сектора, при поголемо намалување кај депозитите на корпоративниот сектор во однос на депозитите на домаќинствата (учество од 56,9% и 12,9%, соодветно). Во споредба со истиот период од минатата година, депозитите се зголемени за 10,4%, главно како резултат на растот на депозитите на домаќинствата (учество од 57,7%), при помал придонес во растот на депозитите на корпоративниот сектор (учество од 27,6%).

Табела 1. Вкупни депозити и кредити[5] на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2016[1)] | 12.2017[1)] | 3.2018 | 6.2018 | 9.2018 | 12.2018[1)] | 4.2019 | 5.2019 | 12.2016[1)] | 12.2017[1)] | 3.2018 | 6.2018 | 9.2018 | 12.2018[1)] | 4.2019 | 5.2019 | 4.2019 | 5.2019 |
| **Парична маса М4** | **354,712** | **372,931** | **374,681** | **386,470** | **395,840** | **416,814** | **426,808** | **423,711** | **6.2** | **5.1** | **7.5** | **10.1** | **11.7** | **11.8** | **13.3** | **10.6** | **2.0** | **-0.7** |
| **Парична маса М3** | **322,199** | **336,989** | **337,684** | **348,090** | **353,862** | **373,436** | **380,640** | **377,090** | **6.0** | **4.6** | **7.3** | **10.1** | **10.9** | **10.8** | **12.2** | **9.2** | **2.1** | **-0.9** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Готови пари во оптек | 28,193 | 29,968 | 28,658 | 29,681 | 30,665 | 32,233 | 32,562 | 32,212 | 7.2 | 6.3 | 6.9 | 4.2 | 5.9 | 7.6 | 12.3 | 10.0 | 4.2 | -1.1 |
| **Вкупни депозити** | **321,888** | **339,314** | **340,135** | **349,816** | **358,126** | **375,046** | **385,142** | **383,162** | **5.7** | **5.4** | **7.1** | **9.9** | **11.6** | **10.5** | **13.1** | **10.4** | **1.9** | **-0.5** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 87,377 | 89,248 | 85,791 | 90,295 | 93,775 | 97,703 | 99,347 | 98,221 | 13.4 | 2.1 | 4.1 | 11.6 | 16.8 | 9.5 | 16.9 | 11.3 | 3.3 | -1.1 |
| Домаќинства | 217,394 | 230,744 | 233,485 | 236,832 | 240,139 | 252,563 | 257,312 | 257,057 | 2.5 | 6.1 | 7.3 | 7.9 | 8.4 | 9.5 | 9.6 | 8.8 | 1.4 | -0.1 |
| **Вкупни кредити** | **284,782** | **300,257** | **298,059** | **306,049** | **311,558** | **322,089** | **326,394** | **328,459** | **-0.1** | **5.4** | **5.7** | **6.2** | **7.9** | **7.3** | **8.9** | **8.3** | **0.5** | **0.6** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 154,225 | 157,722 | 152,187 | 155,427 | 157,165 | 164,765 | 165,453 | 164,930 | -5.3 | 2.3 | 2.3 | 2.9 | 5.7 | 4.5 | 8.5 | 7.0 | 0.4 | -0.3 |
| Домаќинства | 129,321 | 141,232 | 144,491 | 149,254 | 152,990 | 155,734 | 159,413 | 162,085 | 7.0 | 9.2 | 9.4 | 9.7 | 10.1 | 10.3 | 9.3 | 9.6 | 0.5 | 1.7 |

Извор: НБРСМ.

[1] Почнувајќи од јуни 2018 година, Народната банка го користи монетарниот агрегат М3 како нова стандардна дефиниција за паричната маса. За аналитички цели и понатаму ќе се пресметува и ќе се објавува монетарниот агрегат М4.

[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М3 (паричната маса), покрај монетарниот агрегат М2, ги вклучува и депозитите со достасаност од една до две години. Следствено, монетарниот агрегат М4 ги содржи монетарниот агрегат М3 и долгорочните депозити со достасаност над две години. За подетално објаснување, види ја Методологијата: http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

[3] Депозитните пари се однесуваат на тековните сметки кај банките и штедилниците и тековните сметки на останатите финансиски институции кај Народната банка.

[4] Вкупните депозити ги сочинуваат сите депозити вклучени во монетарниот агрегат М4.

[5] Годишните стапки на кредитите во периодот јуни 2016 – мај 2017 година беа под влијание на ефектите од мерката на НБРСМ за отпис на побарувањата коишто се целосно покриени подолго од две години.

– **Вкупните кредити,** во мај 2019 година, се зголемени за 0,6% на месечна основа, во услови на зголемено кредитирање на домаќинствата, додека кредитирањето на корпоративниот сектор бележи пад. Раст на вкупните кредити за 8,3% е остварен и на годишна основа, при поволни промени кај кредитирањето на двата сектора (учество во вкупниот раст од 56,8% кај домаќинствата, во однос на учеството на корпоративниот сектор од 43,0%).







Извор: НБРСМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[6]




Извор: НБРСМ.

– Во мај, месечен пад од 1,1% е забележан кај вкупните **депозити на корпоративниот сектор** пред сè поради намалените краткорочни и долгорочни депозити во странска валута. Овој ефект делумно е неутрализиран преку растот на депозитни пари и орочените депозити (краткорочни и долгорочни) во денари. Годишниот раст на депозитите од 11,3% е резултат на повисоките денарски и девизни вложувања во орочени депозити и депозитни пари.

– **Кредитите** коишто банките и штедилниците му ги одобриле **на корпоративниот сектор[7],** во мај во однос на април, се пониски за 0,3%, во најголем дел поради

[6] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.

намалувањето на денарските кредити. Во споредба со мај 2018 година, кредитите се зголемени за 7,0%, поголем дел од промената се објаснува со повисоките денарски кредити, а позитивен придонес имаат и девизните кредити дадени на корпоративниот сектор.







Извор: НБРСМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[8]




Извор: НБРСМ.

– Вложувањата на **домаќинствата во депозити** во банките и штедилниците, овој месец незначително се намалени за 0,1%, споредено на месечна основа, главно поради падот на депозитните пари, коишто го надмина зголемувањето кај орочените депозити во денари и во странска валута. На годишно ниво, вкупните депозити на домаќинствата се зголемени за 8,8%, коишто во поголем дел се објаснува со растот на депозитните пари и на орочените депозити во денари (придонес од 64,6% кон растот), но и на растот на орочените депозити во странска валута.

---

[7] Почнувајќи од јуни 2018 година, а согласно со новата методологија, податоците за финансиските инструменти во денари со валутна клаузула се вклучени во рамки на странската валута.
[8] За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.

– Банките и штедилниците, во мај, одобриле **кредити на домаќинствата** повисоки за 1,7% и 9,6% на месечно и годишно ниво, соодветно. Придонесот на кредитирањето на домаќинствата во денари во месечниот и годишниот раст е малку поголем од придонесот на девизното кредитирање.







Извор: НБРСМ.




Извор: НБРСМ.

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2016[1)] | 12.2017[1)] | 3.2018 | 6.2018 | 9.2018 | 12.2018[1)] | 4.2019 | 5.2019 | 12.2016[1)] | 12.2017[1)] | 3.2018 | 6.2018 | 9.2018 | 12.2018[1)] | 4.2019 | 5.2019 | 4.2019 | 5.2019 |
| Потрошувачки кредити | 65,438 | 72,595 | 74,218 | 77,100 | 78,964 | 80,632 | 83,292 | 85,085 | 13.4 | 10.9 | 10.7 | 11.1 | 11.1 | 11.1 | 10.9 | 11.8 | 1.2 | 2.2 |
| Станбени кредити | 34,608 | 39,535 | 40,899 | 42,309 | 43,896 | 45,539 | 46,797 | 47,311 | 14.3 | 14.2 | 15.4 | 14.9 | 16.2 | 15.2 | 13.2 | 13.2 | 0.7 | 1.1 |
| Автомобилски кредити | 323 | 316 | 318 | 307 | 301 | 312 | 323 | 323 | -19.1 | -2.2 | 2.9 | 0.2 | -2.2 | -1.3 | 2.4 | 3.2 | 1.2 | 0.1 |
| Кредитни картички | 12,380 | 12,281 | 12,157 | 12,192 | 12,235 | 12,246 | 12,086 | 12,056 | 0.3 | -0.8 | -1.1 | -0.8 | -0.9 | -0.3 | -0.7 | -1.1 | -0.2 | -0.3 |
| Негативни салда по тековни сметки | 5,795 | 5,896 | 6,300 | 6,672 | 6,881 | 6,232 | 6,419 | 6,721 | 3.6 | 1.8 | 0.4 | 4.8 | 5.7 | 5.7 | 1.1 | 0.3 | -6.0 | 4.7 |
| Други кредити | 4,584 | 4,564 | 4,534 | 4,593 | 4,566 | 4,607 | 4,214 | 4,199 | 7.3 | -0.4 | -0.5 | -0.8 | -0.2 | 0.9 | -7.8 | -8.0 | -0.9 | -0.4 |

Извор: НБРСМ.

- **Потрошувачките и станбените кредити** коишто банките и штедилниците ги одобрувале на домаќинствата**,** во мај, бележат месечно зголемување од 2,2% и 1,1%, соодветно, додека на годишно ниво растот изнесува 11,8% и 13,2%, соодветно. Овој месец, **автомобилските кредити** споредено на месечна основа се повисоки за 0,1%, додека на годишна основа растот е 3,2%. Месечно и годишно намалување е од 0,3% и 1,1%, соодветно, е забележано кај одобрените кредити на **кредитни картички. Негативните салда на тековните сметки** бележат месечна и годишна нагорна промена од 4,7% и 0,3%, соодветно. Кредитите коишто банките и штедилниците ги одобрувале по **други основи** остварија месечен пад од 0,4% односно на годишно ниво пад од 8,0%.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitnite-institucii---mesecni-podatoci.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Информација за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Монетарни движења во Република Северна Македонија: 19 јули 2019 година (референтен пресек заклучно со јуни 2019).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).